TIKVEŠ

WINERY

**XXI-та С Е Д Н И Ц А**

**НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА**

**ВВ ТИКВЕШ АД СКОПЈЕ,**

**31.07.2012 ГОДИНА**

Врз основа на член 34 и 35 од Статутот на Акционерското друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт АД Скопје се објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА СВИКУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ СЕДНИЦА**
**НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, Скопје**

Ссобранието на акционери на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД, Скопје ќе се одржи на ден 31.07.2012 година (вторник) со почеток во 10 часот во М6 Едукативен центар Скопје, на улица 810 бб Скопје.

За работа на Собранието се предлага следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

Усвојување Записник од Собранието на акционери од 10.05.2012 година;

*Т.1.* Измени на Статутот на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД Скопје.

*Т.2* Престанок на функцијата на член на Надзорен Одбор и именување на член на Надзорен Одбор на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД Скопје

Во работа на Годишното собрание можат да учествуваат и да ги остваруваат своите права и интереси сите акционери лично или преку овластени претставници и застапници именувани за остварување на сите или извесни права на управување со полномошно за застапување заверено од нотар.

Услов за учество во работата на Годишното собрание е пријавување на акционерот или овластениот преставник или застапник со полномошно за преставување и застапување на акциите најдоцна пред почетокот на одржувањето на седницата на Годишното собрание.

Собранието одлучува само за прашања утврдени во Дневниот ред.

Вклучување нови точки во дневниот ред, предлагање одлуки и поставување на прашања може да се врши по писмен пат согласно член 390 од Законот за трговски друштва во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување седница на собранието со барање за вклучување на нови точки во дневниот ред и поставување на прашања доставени до друштвото.

Гласањето на Годишното собранието може да се врши од акционерот лично или од полномошникот на седницата.

Материјалите за работа на седницата на Собранието ќе бидат ставени на увид на акционерите по објавувањето на овој повик во просториите на Правната служба на ВВ ТИКВЕШ секој работен ден од 8 до 10 часот.

Официјална интернет страница на друштвото е www.tikves.com.mk.

**ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД Скопје**

**Усвојување Записник од Собранието на акционери од 10.05.2012 година**

*Т.1.* **Измени на Статутот на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД Скопје.**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 418 од Законот за трговските друштва и член 31 од Статутот на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД - Скопје, на седницата на Собранието на друштвото одржана на ден 31.07.2012 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**за ИЗМЕНА НА**

**С Т А Т У Т О Т**

**на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД – СКОПЈЕ**

**Член 1**

Од член 31 на Статутот на ВВ ТИКВЕШ АД - СКОПЈЕ, се бришат ставовите 3, 4 и 5
.

**Член 2**

Од член 50 се бришат став 9 и став 10.

**Член 3**

Се овластува надзорниот одбор да подготви пречистен текст на Статутот во којшто се внесуваат измените извршени со оваа одлука за измена на Статутот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕТО

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Одредби кои се бришат со оваа Одлука се следните:

**Од член 31 на Статутот на ВВ ТИКВЕШ АД - СКОПЈЕ, се бришат ставовите 3, 4 и 5 кои гласат:**

Правото на првенство за запишување новоиздадени акции може, пред запишувањето на акциите, да биде целосно или делумно исклучено само со одлуката за зголемување на основната главнина, којашто мора да биде објавена на начинот на којшто се објавува свикувањето на Собранието. Собранието може да одлучува за исклучување на правото на првенство за запишување новоиздадени акции само врз основа на Извештај, во писмена форма, на Управниот одбор во којшто се наведуваат причините за ограничувањето или исклучувањето на правото на првенство за запишување новоиздадени акции. Одлуката Собранието ја донесува со мнозинство гласови кое не може да изнесува под три четвртини од претставените акции на Собранието со право на глас.

Одредбата од став 3 од овој член ќе се применува од денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија."

Ниедна одлука на акционерите во врска со следното нема да биде важечка без потврден глас на Европската Банка за обнова и развој:

-каква било одлука за изменување или дополнување на Статутот на Друштвото или кој било друг документ за основање на Друштвото;

-каква било одлука за зголемување на Основната Главнина или за измена на видот, правата или формата или било кој вид на акции или за создавање нова класа или вид на акции на Друштвото;

-каква било одлука за трансформирање, соединување, спојување, поделба, престанување или ликвидација на Друштвото или за реорганизација на Друштвото во друга корпоративна форма или стекнување на кој било друг субјект;

-каква било одлука за одобрување на дивиденда, враќање на акции, поделба на акции, или поделба на дивиденда;

-каква било одлука за смена на Ревизорите,

-сите главни стратешки одлуки во врска со развојот на основната дејност на Друштвото;

-именување на претставник на ЕБОР во Надзорниот одбор;

-одобрување на какво било стекнување на кој било неповрзан субјект во една или во серија на поврзани трансакции со цена на стекнување што надминува 40% од EBITDA на Друштвото како што е пријавена во последните Финансиски извештаи на Друштвото доставени до ЕБОР.".

**Од член 50 се бришат став 9 и став 10, кои гласат:**

Еден член на Надзорниот одбор ќе биде именуван само по претходно добиена согласност од Европската банка за обнова и развој.

Ниту една одлука на Надзорниот одбор во однос на кое било од следниве прашања нема да биде предложена или усвоена на некој од состаноците на Надзорниот одбор освен доколку членот номиниран од страна на ЕБОР не гласал потврдно за таквата одлука:

- одобрување на годишниот буџет или каква било измена на истиот;
- именување или разрешување на Претседател на Управниот одбор на Друштвото;
- одобрување на каква било нацрт одлука за одобрување на дивиденда, враќање на акции или поделба на акции;
- одобрување на каква било нацрт одлука за зголемување на основната главнина на друштвото или за измена на видот, правата или формата или било кој вид на акции или за создавање нова класа или вид на акции на Друштвото за поднесување до Генералното Собрание на Акционери;
- одобрување на каква било нацрт одлука за изменување на Статутот на Друштвото за поднесување до Генералното Собрание на Акционери;
- одобрување на било кое соединување, консолидација или располагање (преку продажба, закуп или друга трансакција) на било кој дел од нивниот имот со книговодствена вредност во износ од 1,000,000 (еден милион) евра поединечно или заедно;
- одобрување на каков било предлог или одлука во врска со која било од ставките наведени во член 31 став 5 од Статутот ".

***Т.2* Престанок на функцијата на член на Надзорен Одбор и именување на член на Надзорен Одбор на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД Скопје**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 31 од Статутот на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, Скопје, и согласно Законот за трговски друштва, Собранието на акционерите одржано на ден 31.07.2012 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За престанок на функцијата на член на Надзорниот Одбор и**

**именување на член на Надзорниот Одбор**

**во ВВ ТИКВЕШ АД Скопје**

1. СЕ КОНСТАТИРА престанок на функцијата на членот на Надзорниот Одбор- Ведрана Јелушиќ-Касиќ, врз основа на нејзина оставка заверена на нотар под број OV-5531/12

2. За член на Надзорниот одбор на ВВ ТИКВЕШ АД Скопје, СЕ НАЗНАЧУВА лицето Ѓорѓи Петрушев

3. Траењето на мандатот на членот на Надзорниот одбор од став 2 на оваа Одлука, се определува за време од 4 години од денот на изборот.

4. Своите права, обврски и овластувањата, именуваниот член на Надзорниот одбор е должен да ги извршува во согласност со законот, Статутот и овластувања што изричито му се дадени од Собранието на друштвото.

5. Членовите на Надзорниот одбор имаат право на осигурување на живот и друг вид осигурување, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција (користење работни простории, потребни средства за работа и друго). Средствата што ќе се исплатуваат на членовите на Надзорниот одбор се трошоци на работењето на друштвото. За посебно доверени работи што за друштвото ќе ги извршува член на Надзорен одбор може да му се признае дополнителна награда, која исто така се исплатува на товар на трошоците на работењето.

6. Се овластува Генералниот директор на друштвото или лице што тој ќе го овласти, да поднесе пријава за упис на Одлуката за разрешување и избор на член во Надзорниот одбор на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, Скопје во Централниот Регистар на РМ.

7. Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ